**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Преобјавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**

**“Координатор за ран детски развој ”**
**(реф.бр. MK/SSIP # 3.1.48)**

**Име на проект: Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ Проект)**
**Кредит Бр: 8902 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

1. На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проектот за подобрување на социјалните услуги. Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорите што ќе се склучат за ангажирање на Координатор за ран детски развој, реф.бр. MK/SSIP # 3.1.48.

2. Консултантот ќе има за цел подобрување на пристапот до квалитетни предучилишни услуги. Консултантот ќе биде ангажиран со полно работно време, од 07.30/08.30 до 15.30/16.30 часот од понеделник до петок.

3. Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: https://www.ssip.mk/oglasi/

4. **Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование во областа на општествените науки (педагогија или психологија). Магистерски студии во една од следниве области ќе се смета како предност: образование или ран детски развој, развојна психологија;
- Минимум пет години професионално искуство во образованието, социјалниот развој, планирањето и управувањето во области поврзани со рано учење и развој;
- Познавање на педагогијата на учење базирано на игра во програмите за рано учење и развој за деца до 5 годишна возраст;
- Искуството на проекти финансирани од меѓународни организации ќе се смета за предност;
- Одлична вербална и писмена комуникација на англиски и македонски јазик.

5. Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

6. За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со ППСУ Проектот, е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

7. Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

8. Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **17.10.2023** година електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk, со назнака: за **реф.бр. MK/SSIP # 3.1.48.**